**ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС** како првостепен стечаен суд преку стечајниот судија Александар Шопов, во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за превоз, трговија и услуги КАЗАНОВА ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Неготино -во стечај со седиште на ул.Ико Заров бр.14 во Неготино, постапувајќи по предлогот на стечајниот управник Драган Ангеловски од Велес за исплата на трошоци на претходната постапка, на ден 10.01.2012 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Трошоците на претходната постапка над стечајниот должник Друштво за превоз, трговија и услуги КАЗАНОВА ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Неготино -во стечај ги поднесува предлагачот -доверител Друштво за трговија, промет и услуги АС 24 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје од вкупно авансираниот износ од 100.000,00 денари кој во отворената стечајна постапка влегува во трошоците на стечајна постапка, а СЕ УТВРДУВААТ во вкупен износ од 25.000,00 денари од кои, на име материјални трошоци за претходна постапка сума во износ од 10.170,00 денари и на име награда на привремен стечаен управник за претходна постапка сума во износ од 14.830,00 денари.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение на овој суд СТ.бр.77/2011 од 14.12.2011 год. отворена е стечајна постапка над должникот Водна заедница БОШАВА Кавадарци -во стечај. На ден 10.01.2012 година привремениот стечаен управник Драган Ангеловски од Велес, а сега стечаен управник на должникот, до судот поднесе предлог-трошковник за направени трошоци на претходната постапка.

Судот постапувајќи согласно чл.53 ст.3 в.в. чл.134 ст.1 т.2 од Законот за стечај ги утврди реално направените трошоци на претходната постапка во вкупен износ од 25.000,00 денари, а кои се однесуваат за: користење на сопствено возило за пет патувања на релација Велес-Неготино-Скопје и обратно од вкупно 6.000,00 денари, материјални трошоци по трошковник 2.000,00 денари, трошоци за вадење на потврди 1.000,00 денари, нотарски заверки 900,00 денари, објавување на оглас во Службен весник на РМ за поведување на претходна постапка износ од 270,00 денари, како и награда на привремен стечаен управник за спроведена претходна постапка 14.830,00 денари.

Поради погоре наведеното следуваше судот да одлучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.77/2011 од 10.01.2012 год.**

**Стечаен судија**
Александар Шопов

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение дозволена е жалба
во рок од 8 дена од денот на објавување на решението
на огласна табла на судот, до стечајниот совет
на Основен суд Велес.

**Објавено на огласна табла на Основен суд Велес на ден 10.01.2012 год. во 15,30 ч.**